# ОГЛАС ЗА ПРАКСА

Компанијата Небб Софтвер објавува оглас за прием на практиканти кои ќе работат на **развој на интегрирани софтверски решенија наменети за индустрискиот сектор** и ги поканува да аплицираат сите заинтересирани кандидати кои одговараат на бараните квалификации. Повеќе информации за огласот се дадени во продолжение.

Небб е корпорација на иновации и технолошки развој со седиште во Аскер, Норвешка и канцеларија во Скопје, Македонија. Целиме да бидеме лидери во технологијата и вистински центар на совршеност во сите аспекти на нашата дејност.

Нашите главни пазари се индустриите за нафта и гас, енергетика и животна средина, хартија и целулоза. Ние нудиме практични решенија за собирање и складирање јаглерод диоксид, енергетски менаџмент, SCADA и контролни системи како и за производство на ткаенини за машини кои се користат при производство на хартија.

Одбраните, нагласено мотивирани кандидати ќе ја имаат можноста за работа во Learning-by-doing работна средина каде што професионално ќе се надградуваат преку директна комуникација со искусни колеги од Македонија и странство.

Апликантите треба да поседуваат повеќето од следните квалитети:

- Познавање од програмирање на логички контролери - PLC
- Основни познавање на SCADA системи
- Солидни познавања од MS SQL
- Познавање на .Net платформата
- Да учествувале во развој на минимум еден тимски проект на факултет
- Одлично познавање на англиски јазик (говорен и пишан)
- Афинитети кон тимска работа

Праксите ќе се изведуваат во текот на Јули, Август и Септември, во тимови од по 2 практиканти, кои во тек на еден месец ќе треба да ги извршат зададените задачи, за што ќе добијат и потврда за реализирана задолжителна професионална пракса.

Практикантите, кои ќе покажат талент, мотивација и успешно извршување на обврските во текот на праксата ќе бидат вклучени во најтесниот круг при следните вработувања во Небб Софтвер.

Заинтересираните студенти потребно е да испратат **мотивациско писмо и CV на англиски јазик** на careers.mk@nebb.com , со назнака “**за ПРАКСА**".